РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-1408/4
21.08 2020 год.
КОЧАНИ

Трговско друштво за вработување на инвалидни лица,промет и услуги
ГЕНЕКС дооел увоз-извоз
Бр. 0507-28
21.08 2020 год.
КОЧАНИ

# *ДОГОВОР*

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул.“Раде Кратовче“ бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст : **Корисник на услугата ) и**

2. **Трговско друштво за вработување на инвалидни лица, промет и услуги “ГЕНЕКС“ ДООЕЛ Кочани,** со седиште на ул.„Кирил Змбов“ бр.2 Кочани, ДБ: МК4013994109319 и ЕМБС:4912403**,** жиро с-ка 300050000014729 –Комерцијална банка АД Скопје, застапувано од Управителот Антонио Ангелов (во натамошниот текст: **Вршител на услугата)**

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка е обезбедување на услуга, и тоа за:

**- Вршење на печатарски услуги**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација, а по Одлука за јавна набавка од 09.07.2020 год, за спроведување на Набавка од мала вредност со објавување на оглас бр.10069/2020 на ЕСЈН, која постапка се спроведува со користење со електронски средства преку ЕСЈН со е-Аукција, како последна фаза за доделување на договорот за конкретната јавна набавка.

Договорот за јавната набавка се склучува за период од една година, односно набавката ќе биде сукцесивна, во тек на 1 /една/ година, сметано од денот на склучување на договорот за јавна набавка, а ќе се врши во зависност од потребите на Корисникот на услугата - Општина Кочани.

***Вредност на договорот и начин и рок на плаќање***

**Член 2**

Согласно Одлуката за јавна набавка вкупната договорена вредност што може да се плати во текот на 1 /една/ година, за извршувањето на услугите, предмет на овој договор изнесува **254.237,28 без ДДВ** односно **300.000,00 ден. со вклучен ДДВ 5% или 18 %** во зависност од видот на услугата**.**

Единечните цени по вид на печатарски услуги опишани во спецификцијата (листа на цени), составен дел на овој Договор, се преземени од првичната/конечна понуда поднесена на ЕСЈН и се без пресметан ДДВ, а во цената е вклучена и цената за испорака на материјалот, франко зграда на Општина Кочани.

Истите ќе останат фиксни и не подлежат на промени до крајот на реализацијата на овој Договор.

Вредноста на секоја печатарска услуга ќе се утврдува со доставување на фактура и придружна документација (испратница), од страна на Вршителот на услугата, а во зависност од стварно извршени услуги и испорачани материјали по вид и количина и согласно конечните единични цени без пресметан ДДВ. Истиот ќе биде пресметан при изготвување на фактурата, а рокот за плаќање ќе биде 30 /триесет/ дена сметано од денот на доставување на истата, кај Корисникот на услугата.

Доколку доставената фактура не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

***Динамика и начин на вршење на услугите***

**Член 3**

Вршителот на услугата се обврзува печатарските услуги да ги врши квалитетно, според постојните технички прописи и стандарди за вршење на ваков вид на услуга.

Вршителот на услугата е должен да ја изврши услугата и да ги испорача нарачаните количини и видови на печатен материјал согласно спецификацијата, во рок од 5 /пет/ работни дена сметано од денот на добиената нарачка / преку е-маил /од задолженото/ овластено лице кај Корисникот на услугата, франко зграда на Општина Кочани.

Текстот за печатење (логото и грбот на Општина Кочани, адреса, веб страна, сликите, текстовите и цртежите кои треба да се печатат врз материјалите, на Вршитело на услугата ќе му се доставуваат во е-форма преку пријавениот е-маил во понудата.

Нарачката, во смисла на ст.2 од овој член ќе ја врши задолжено / овластено лице кај Корисникот на услугата, за реализирање на потребата од конкретниот вид на услуга и истата треба да содржи вид на печатарска услуга и количина.

Рекламациите за квалитетот на печатениот материјал, Корисникот на услугата е должен да ги достави без одлагање, во рок од 1/еден/ ден, од приемот на тиражот, а за скриените недостатоци и за кусокот на нарачаните количини, се до реализирање на потребата.

***Испорака на извршената услуга***

**Член 4**

Услугата се смета за извршена, односно испечатените материјали испорачани: со потпишувањето на испратницата од задолжено / овластено лице за конкретната потреба кај Корисникот на услугата и задолженото лице кај Вршителот на услугата, во 3/три/ примерока. По 1/еден/ примерок од испратницата се предава на задолженото/овластено лице за набавки кај Корисникот на услугата, 1/еден/ примерок задржува Вршителот на услугата за сопствени потреби и 1/еден/ примерок заедно со фактурата се доставува до Корисникот на услугата – Сектор за финансиски прашања,Општина Кочани.

Печатениот материјал ќе се предава на задолжено / овластено лице кај Корисникот на услугата.

Секоја испорака на извршена услуга од страна на Вршителот на услугата која нема да биде во согласност со нарачката или ќе биде извршена без нарачка од задолженото/овластено лице за набавки кај Корисникот на услугата, ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат и истите ќе паднат на товар на Вршителот на услугата.

***Договорна казна***

**Член 5**

Во случај на доцнење на вршење,односно испорака на извршените услуги од страна на Вршителот на услугата, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна – пенали.

Договорната казна се определува во висина од 0,1% од вредноста на неизвршената услуга за секој започнат ден за првите два дена, односно 0,5% за секој нареден ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вредноста на неизвршената услуга.

Во случај на 2 (две) последователни неизвршени нарачки, Корисникот на услугата има право по претходно доставено писмено известување до Вршителот на услугата за вршење на услугите во нарачката, по дополнително оставен рок од 1 /еден/ ден, да го раскине Договорот со проста изјава.

Во случај на ст. 3 од овој член, Вршителот на услугата е должен да му ја надомести штетата на Корисникот на услугата.

Кога едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

***Гаранција за квалитетно извршување на договорот***

**Член 6**

Вршителот на услугата на Корисникот на услугата му достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на Договорот, на износ од 15.000,00 ден., со важност до 31.08.2021 год. и е доставена во еден оригинален примерок. Со гаранцијата се гарантира дека Вршителот на услугата се обврзува навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изврши услугите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот треба да биде во валутата на која гласи договорот МКД.

Гаранцијата се наплаќа во следните случаи:

- Доколку Вршителот на услугата не го почитува договорениот рок и начин за извршување на услугата, а при тоа нема прифатливо оправдување ;
- Во случај на несовпаѓање на техничките и квалитативните карактеристики на извршените услуги, согласно важечките законски прописи во РСМ;
- Во случај на раскинување на Договорот по вина на Вршителот на услугата ;

Корисникот на услугата ќе ја врати банкарската гаранција од ст. 1 на овој член на Вршителот на услугата, во рок од 14 /четиринаесет/ дена, по истекувањето на важноста на договорот, односно по негова реализација.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на Давателот на услугата по пошта, лично во седиштето на Давателот на услугата или лично во седиштето на Корисникот на услугата.

Доколку дојде до наплата на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Давателот на услугата може да покрене спор пред надлежниот суд.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Давателот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно извршување на договорот.

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува во целост при плаќањето на конкретно извршените услуги да се придржува на договорениот начини рок на плаќање.

**Член 8**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе со внимание на добри стопанственици, да се грижат за унапредување на меѓусебните односи и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за извршување на Договорот.

***Завршни одредби***

**Член 9**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 10**

Договорните страни се согласни за сѐ што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Северна Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 11**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 12**

Овој Договор е составен во 6 / шест / еднакви примероци, од кои 2 /два / примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила на 30.08.2020 год.

| | |
|---|---|
| ***за Вршителот на услугата,*** | ***за Корисникот на услугата,*** |
| ***„ГЕНЕКС“ ДООЕЛ Кочани*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Антонио Ангелов )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :

- листа на цени со единечни цени без ддв преземени од понудата поднесена преку ЕСЈН

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за општи и правни работи –Венцо Бојков*
*Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*

*ЛИСТА НА ЦЕНИ*
*ЗА ВРШЕЊЕ НА ПЕЧАТАРСКИ УСЛУГИ*

| Реден број | Вид на услуга | Опис | Тираж/количина | Единечна цена без ДДВ | ДДВ 5%/18% (да се внесе процент) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Укоричување на весник „ Инфо Кочани" | тврд повез | до 10 книги (за времетраење на договорот) | 30 | 18% |
| 2. | Укоричување на „Службен весник на Република Македонија" | тврд повез | до 30 книги (за времетраење на договорот) | 30 | 18% |
| 3. | Укоричување на „Службен гласник на Општина Кочани" | тврд повез | до 10 книги (за времетраење на договорот) | 30 | 18% |
| 4. | Укоричување на деловодници-деловодни книги | тврд повез | до 5 книги (за времетраење на договорот) | 30 | 18% |
| 5. | Укоричување на други книги, по потреба | тврд повез | до 15 книги (за времетраење на договорот) | 30 | 18% |
| 6. | Подготовка, изработка и печатење на ЛЕТОК (флаер) | А4 во 4/4 боја | Од 50 до 100 броја | 5 | 5% |
| | | | од 101 до 200 броја | 5 | 5% |
| | | | од 201 до 300 броја | 5 | 5% |
| | | | од 301 до 500 броја | 5 | 5% |
| 7. | Подготовка, изработка и печатење на ЛЕТОК (флаер) | А5 Во 4/4 боја | Од 50 до 100 броја | 4 | 5% |
| | | | од 101 до 200 броја | 4 | 5% |
| | | | од 201 до 300 броја | 4 | 5% |
| | | | од 301 до 500 броја | 4 | 5% |
| 8. | Печатење на ЛЕТОК (флаер) (подготовката е од нарачателот) | А4 во 4/4 боја | Од 50 до 100 броја | 5 | 5% |
| | | | од 101 до 200 броја | 5 | 5% |
| | | | од 201 до 300 броја | 5 | 5% |
| | | | од 301 до 500 броја | 5 | 5% |
| 9. | Печатење на ЛЕТОК (флаер) (подготовката е од нарачателот) | А5 во 4/4 боја | Од 50 до 100 броја | 4 | 5% |
| | | | од 101 до 200 броја | 4 | 5% |
| | | | од 201 до 300 броја | 4 | 5% |
| | | | од 301 до 500 броја | 4 | 5% |
| 10. | Подготовка, изработка и печатење на ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ ЗА КОЧАНИ | Димензии:120x150 Корица со | до 300 бр. | 30 | 18% |
| | | | од 301 бр. - 500 бр. | 30 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | преклоп Хартија за корица:350 грамски мат (мат пластифициран од надвор),Хартија за внатрешност од 150 до 170 грамски мат. | 501 бр. -1 000 бр. | 25 | 18% |
| | | | 1 001 бр. - 3 000 бр. | 20 | 18% |
| 11. | Печатење на ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ ЗА КОЧАНИ (подготовката ја врши нарачателот) | Димензии:120x150 Корица со преклоп Хартија за корица:350 грамски мат (мат пластифициран од надвор),Хартија за внатрешност од 150 до 170 грамски мат. | до 300 броја | 30 | 18% |
| | | | од 301 бр. - 500 бр. | 30 | 18% |
| | | | Од 501 бр. -1 000 бр. | 25 | 18% |
| | | | Од 1001 бр.- 3000 бр. | 20 | 18% |
| 12. | Печатење на Образец А4 решенија, меморандуми, договори, соопштенија и друг вид на документи | во 1/1 боја | до 2 000 бр. | 4 | 18% |
| | | | 2 001 бр.-6 000 бр. | 3 | 18% |
| | | | 6 001 бр.-10 000 бр. | 2 | 18% |
| | | | 10 001 бр.-20 000 бр. | 1 | 18% |
| | | во 4/1 боја | до 2 000 бр. | 5 | 18% |
| | | | 2 001 бр.-6 000 бр. | 3 | 18% |
| | | | 6 001 бр.-10 000 бр. | 2 | 18% |
| | | | 10 001 бр.-20 000 бр. | 2 | 18% |
| | | во 4/4 боја | до 2 000 бр. | 6 | 18% |
| | | | 2 001 бр.-6 000 бр. | 4 | 18% |
| | | | 6 001 бр.-10 000 бр. | 3 | 18% |
| | | | 10 001 бр.-20 000 бр. | 2 | 18% |
| 13. | Подготовка, изработка и печатење на ПЛАКАТ | Б2 во 4/0 боја | до 10 бр. | 55 | 18% |
| | | | Од 11 бр. - 50 бр. | 50 | 18% |
| | | | Од 51 до 100 бр. | 40 | 18% |
| | | | 101-200 бр. | 13 | 18% |
| 14. | Подготовка, изработка и печатење нан ПЛАКАТ | Б1 Во 4/0 боја | до 10 бр. | 100 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Од 11 до 50 бр. | 90 | 18% |
| | | | Од 51 до 100 бр. | 50 | 18% |
| | | | Од 101 до 200 бр. | 30 | 18% |
| 15. | Печатење на ПЛАКАТ (со изработена подготовка) | Б1 во 4/0 боја | до 10 бр. | 60 | 18% |
| | | | Од 11 бр. - 50 бр. | 50 | 18% |
| | | | Од 51 до 100 бр. | 40 | 18% |
| | | | 101-200 бр. | 30 | 18% |
| 16. | Печатење на ПЛАКАТ (со изработена подготовка) | Б2 во 4/0 боја | до 10 бр. | 30 | 18% |
| | | | Од 11 до 50 бр. | 20 | 18% |
| | | | Од 51 до 100 бр. | 15 | 18% |
| | | | Од 101 до 200 бр | 13 | 18% |
| 17. | Подготовка, изработка и печатење на ПОКАНИ | 210mm x 99mm 4/0 боја | до 100 броја | 20 | 18% |
| | | | 101 до 200 бр. | 15 | 18% |
| | | | 201 бр. до 300 бр. | 12 | 18% |
| | | | 301 бр. до 500 бр. | 10 | 18% |
| 18. | Подготовка, изработка и печатење на ПОКАНИ | 210 x 210 (виткана по средината) 4/4 боја | До 100 броја | 20 | 18% |
| | | | 101-200 броја | 15 | 18% |
| | | | 201-300 броја | 12 | 18% |
| | | | 301-500 броја | 10 | 18% |
| 19. | Печатење на ПОКАНИ (подготовката е од нарачателот) | 210 x 99 во 4/0 боја | До 100 броја | 15 | 18% |
| | | | 101-200 броја | 13 | 18% |
| | | | 201-300 броја | 12 | 18% |
| | | | 301-500 броја | 8 | 18% |
| 20. | Печатење на ПОКАНИ (подготовката е од нарачателот) | 210 x 210 (виткана по средината) 4/4 боја | До 100 броја | 15 | 18% |
| | | | 101-200 броја | 13 | 18% |
| | | | 201-300 броја | 12 | 18% |
| | | | 301-500 броја | 8 | 18% |
| 21. | Подготовка, изработка и печатење на ДИПЛОМИ, БЛАГОДАРНИЦИ, СЕРТИФИКАТИ | А4, 4/0 боја | до 50 бр. | 20 | 18% |
| | | | 51 бр.- 500 бр. | 15 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 501 бр.-1 000 бр. | 12 | 18% |
| | | | 1 001 бр. - 2 000 бр. | 10 | 18% |
| 22. | Печатење на ДИПЛОМИ, БЛАГОДАРНИЦИ, СЕРТИФИКАТИ (подготовката е од нарачателот) | А4, 4/0 боја | До 50 броја | 20 | 18% |
| | | | 51-500 броја | 15 | 18% |
| | | | 501-1000 броја | 12 | 18% |
| | | | 1001-2000 броја | 10 | 18% |
| 23. | Подготовка, изработка и печатење на ПУБЛИКАЦИИ, БРОШУРИ | А5, 8 стр. на кунздрук 115 г/м$^2$ во 4/4 боја корица: 250 г/м$^2$, 4/4 пластифицирана | до 300 бр. | 20 | 5% |
| | | | 301 бр. до 500 бр. | 15 | 5% |
| | | | 501 бр. - 1 000 бр. | 12 | 5% |
| | | А5,16 стр. на кунздрук 115 г/м$^2$ во 4/4 боја корица: 250 г/м$^2$, 4/4 пластифицирана | до 300 бр. | 40 | 5% |
| | | | 301 бр.- 500 бр. | 30 | 5% |
| | | | 501 бр. - 1 000 бр. | 25 | 5% |
| | | А4, 8 стр. на кунздрук 115 г/м$^2$ 4/4 боја корица: 250 г/м$^2$, 4/4 пластифицирана | до 300 бр. | 40 | 5% |
| | | | 301 бр.- 500 бр. | 30 | 5% |
| | | | 501 бр. - 1 000 бр. | 25 | 5% |
| | | А4, 16 стр. на кунздрук 115 г/м$^2$ во 4/4 боја корица: 250 г/м$^2$, 4/4 пластифицирана | до 300 бр. | 60 | 5% |
| | | | 301 бр. - 500 бр. | 50 | 5% |
| | | | 501 бр. - 1000 бр. | 40 | 5% |
| | | Б5, 8 стр., на кунздрук 115 г/м$^2$ 4/4 боја корица: 250 г/м$^2$, 4/4 пластифицирана | до 300 бр. | 25 | 5% |
| | | | 301 бр.- 500 бр. | 20 | 5% |
| | | | 501 бр. - 1 000 бр. | 18 | 5% |
| | | Б5, 19 стр., на кунздрук 115 г/м$^2$ 4/4 боја корица: 250 г/м$^2$, 4/4 пластифицирана | до 300 бр. | 45 | 5% |
| | | | 301 бр.- 500 бр. | 40 | 5% |
| | | | 501 бр. - 1000 бр. | 35 | 5% |
| | | 24 х 24 см, | до 500 бр. | 40 | 5% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 12 стр. кунздрук 135 г/м², колор 4/4, тврд повез итал. | | | |
| | | | 501 бр.-1 000 бр. | 30 | 5% |
| | | | 1 001 бр. - 3 000 бр. | 20 | 5% |
| 24. | Подготовка, изработка и печатење на ПАПКИ | А4 во 4/0 боја пластифицирани штанцани | 501 бр.-1 000 бр. | 45 | 18% |
| | | | 1001 бр. - 3 000 бр. | 35 | 18% |
| 25. | Подготовка, изработка и печатење на ПАПКИ (подготовката е од нарачателот) | А4 во 4/0 боја пластифицирани штанцани | 501 бр.-1 000 бр. | 35 | 18% |
| | | | 1001 бр. - 3 000 бр. | 45 | 18% |
| 26. | Печатење на ПАПКИ со една боја (подготовката е од нарачателот) | А4 во 1/0 боја пластифицирани штанцани | 501 бр.-1 000 бр. | 30 | 18% |
| | | | 1001 бр. - 3 000 бр. | 25 | 18% |
| 27. | Подготовка, изработка и печатење на хартиени пластифицирани КЕСИ СО КОНОПНИ РАЧКИ, во боја, со слика по избор Димензии/см: ширина х страница х висина=23x11x38 | во 4/0 боја | до 100 бр. | 35 | 18% |
| | | | 101 бр. - 500 бр. | 30 | 18% |
| | | | 501 бр. - 1 000 бр | 28 | 18% |
| 28. | Подготовка, изработка и печатење во една боја на кеси со конопни рачки од екохартија Димензии/см: ширина х страница х висина=23x11x38 | 4/0 боја | до 100 броја | 30 | 18% |
| | | | 101 – 500 броја | 25 | 18% |
| | | | 501 – 1000 броја | 22 | 18% |
| 29. | Подготовка, изработка и печатење на општински весник „ИНФО“ А4 | 16 страни, црно бела 1/1 | 1 000 бр. -2 000 бр. | 40 | 5% |
| | | | 2 001 бр. - 4 000 бр. | 35 | 5% |
| | | | 4 001 бр. - 6 000 бр. | 30 | 5% |
| | | 4 страни колор 4/4 | 1 000 бр. -2 000 бр. | 50 | 5% |
| | | | 2 001 бр. - 4 000 бр. | 45 | 5% |
| | | | 4 001 бр. - 6 000 бр. | 40 | 5% |
| | | 8 страни колор 4/4 | 1 000 бр. -2 000 бр. | 55 | 5% |
| | | | 2 001 бр. - 4 000 бр. | 50 | 5% |
| | | | 4 001 бр. - 6 000 бр. | 45 | 5% |
| | | 16 страни колор 4/4 | 1 001 бр. - 2 000 бр. | 60 | 5% |
| | | | 2 001 бр. - 4 000 бр. | 55 | 5% |
| | | | 4 001 бр. - 6 000 бр. | 50 | 5% |
| 30. | Подготовка, изработка и печатење на општински весник Формат на страна: А3 | 8 страни Црно бела 1/1 | До 100 бр. | 25 | 5% |
| | | | 101 бр. - 500 бр. | 15 | 5% |
| | | | Од 501-1000 бр. | 10 | 5% |
| | | | Од 1001 – 2000 бр. | 8 | 5% |
| | | 16 страни црно бела 1/1 | Од 1001 – 2000 бр. | 40 | 5% |
| | | | 101 бр. - 500 бр. | 30 | 5% |
| | | | Од 501-1000 бр. | 20 | 5% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Од 1001 – 2000 бр. | 14 | 5% |
| 31. | Подготовка, изработка и печатење на **КАЛЕНДАР** за на ѕид, слика по избор, димензии 350x500мм, | Б3, 6 листа со спирала, боја 4/4, со подлога картонска | до 1000 бр. | 65 | 18% |
| | | | 1001 бр. - 3000 бр. | 60 | 18% |
| | | | 3001бр.-5000 бр. | 55 | 18% |
| 32. | **Услуга за ПЕЧАТЕЊЕ** на лого, грб, адреса, веб страна, телефон на Општина Кочани на **запалки, пенкала, USB, приврзоци** . (-текст по избор на нарачателот; *-стоките -запалките, пенкалата, USB, приврзоците ќе ги обезбедува нарачателот)* | по избор на нарачател | до 200 бр. | 30 | 18% |
| | | | 201 бр. - 500 бр. | 25 | 18% |
| | | | 501 бр. -1000 бр. | 20 | 18% |
| 33. | Подготовка, изработка и печатење на **РЕКЛАМНИ БЛОКЧИЊА** со слика по избор (лого, грб, адреса, веб страна, телефон на Општина Кочани - *текстот за печатење ќе го определува нарачателот)* | А4,60 страни кунздрук 250 гр/м2 со спирала | до 100 бр. | 40 | 18% |
| | | | 101 бр. - 500 бр. | 30 | 18% |
| 34. | Компјутерска подготовка, изработка и печатење на МОНОГРАФИЈА | А4, 160 страни конздрук 135 гр/м2 во колор,**тврд повез** | до 200 бр. | 390 | 18% |
| | | | 201бр.-500 бр. | 380 | 18% |
| | | | 501бр. - 1000 бр. | 350 | 18% |
| | | | 1001 бр. – 2000 бр. | 300 | 18% |
| 35. | Компјутерска подготовка, изработка и печатење на МОНОГРАФИЈА | А4, 160 страни кунздрук 135 гр/м2 во колор, **мек повез** | 100 бр.-200 бр. | 350 | 18% |
| | | | 201 бр. – 1000 бр. | 300 | 18% |
| | | | 1001 бр.-2000 бр. | 250 | 18% |
| 36. | Изработка и печатење на КАТАЛОГ (подготовката ја врши нарачателот) | А5,4/4 боја, 4 стр. | до 100 бр. | 30 | 18% |
| | | | 101 бр.- 200 бр. | 25 | 18% |
| | | | 201 бр.-300 бр. | 20 | 18% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 18 | 18% |
| 37. | Подготовка и печатење на КАТАЛОГ | А5,4/4 боја, 4 стр. | До 100 броја | 30 | 18% |
| | | | 101-200 броја | 25 | 18% |
| | | | 201-300 броја | 20 | 18% |
| | | | 301-500 броја | 18 | 18% |
| 38. | Изработка и печатење на БИЛТЕН (Денови на кочанскиот ориз) | Б5 , 4/4 боја, 4 стр. | до 300 бр. | 35 | 18% |
| | | | 301 бр.- 500 бр. | 30 | 18% |
| | | | 501 бр.- 1000 бр. | 27 | 18% |
| 39. | Подготовка, изработка и печатење на ТЕФТЕР **(лепен)** | А4, лајмуван, 1/1 боја, 20/1 | до 500 бр. | 40 | 18% |
| | | | 501 бр.-1 000 бр. | 30 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | стр. | | | |
| | | | 1 001 бр.-3 000 бр. | 25 | 18% |
| | | А4, 4/4 корица, 1/1 боја, 50/1 стр. | до 500 бр. | 20 | 18% |
| | | | 501 бр.-1 000 бр. | 18 | 18% |
| | | | 1 001 бр.-3 000 бр. | 14 | 18% |
| 40. | Подготовка, изработка и печатење на ТЕФТЕР **споен со метална спирала** | А4, корица 4/0, внатрешен дел 1/0 до 50/1 листови | До 100 броја | 80 | 18% |
| | | | Од 101 до 500 броја | 60 | 18% |
| | | А5, корица 4/0, внатрешен дел 1/0 до 50/1 листови | До 100 броја | 60 | 18% |
| | | | Од 101-500 броја | 40 | 18% |
| 41. | **Услуга за печатење на нотеси, роковници** (- текстот за печатење (лого, грб, адреса, веб страна, телефон на Општина Кочани го опредува нарачателот, **- нотесите и роковници ќе ги набавува нарачателот)** | Б-5 формат | До 200 бр. | 40 | 18% |
| | | | од 201 до 500 бр. | 35 | 18% |
| 42. | **Печатење на** лого и грб на Општина Кочани на **памучна маица со ликра мин.5% со кратки ракави, <u>со вклучена цена за набавка на маиците,</u>** Подетални карактерстики: - боја на маиците: по избор на договорниот орган (боите можат да се менуваат); - големина S,M,L,XL, XS, XXL, -печатењето на логото и грбот на маиците да биде на предната страна на маиците во левиот агол, а на грбот на маиците ќе се печати текст наприм. „Денови на кочанскиот ориз“ и сл.во зависност од видот на организацијата или настанот, текст по избор на нарачателот **- состав на материјалот:100% памук, 150/160гр/м$^2$** | Набавка и печатење на Маица – машка/ женска | до 100 бр. | 400 | 18% |
| | | Набавка и печатење на Маица-детска | до 100 бр. | 380 | 18% |
| | | Набавка и печатење на Маица – машка/женска | 101-300 бр. | 340 | 18% |
| | | Набавка и печатење на Маица- | 101-300 бр. | 320 | 18% |
| | | Набавка и печатење на Маица – машка/женска | 301-500 бр. | 300 | 18% |
| | | Набавка и печатење на Маица-детска | 301-500 бр. | 280 | 18% |
| 43. | **Печатење на** лого и грб на Општина Кочани на **памучна** | Набавка и печатење на | до 100 бр. | 500 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **поло маица со јакичка со кратки ракави,** која се закопчува на средината со три копчиња, **со вклучена цена за набавка на маиците,** Подетални карактерстики (опис на поло маицата): - боја на маиците: по избор на договорниот орган (боите можат да се менуваат); - големина S,M,L,XL, XS, XXL, -печатењето на логото и грбот на маиците да биде на предната страна на маиците во левиот агол, а на грбот на маиците ќе се печати текст: „Денови на Кочанскиот ориз 2015“ ; „Општински училишен семафор“ во зависност од видот на организацијата, текст по избор на нарачателот. **-состав на материјалот: 47%-67% памук и 33%-53% полиестер, 180-210 г/м2.** | Маица – машка/женска | | | |
| | | Набавка и печатење на Маица – машка/женска | 101-300 бр. | 480 | 18% |
| | | Набавка и печатење на Маица-машка/женска | 301-500 бр. | 450 | 18% |
| | | | | | |
| 44. | **Печатење** на лого и грб на Општина Кочани **на капи во боја (понудената цена да вклучува: цена за услуга печатење со вклучена цена за набавка на капата ),** текст по избор на нарачателот. Опис на капата: -состав на ткаенина/материјал: 47%-67% памук и 33%-53% полиестер, 130-200 г/м2, -изработена во спортски стил со сонцебран појачан со пластика, назад се прилагодува со пластичен регулатор. | Набавка и печатење на капи во боја | до 100 бр. | 280 | 18% |
| | | | 101 бр. – 300 бр. | 260 | 18% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 250 | 18% |
| 45. | **Набавка и печатење** на **шалови** со лого и грб на Општина Кочани и со текст „ Македонија“ на средината на шалот, текст по избор на нарачателот. Опис: составен од вискоза, димензии мин.1500 x 200 мм | Набавка и печатење на шал | до 100 бр. | 290 | 18% |
| | | | 101 бр. – 300 бр. | 260 | 18% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 240 | 18% |
| 46. | **Набавка и печатење** на **чаши** Опис: зафатнина од 250 до 300мл. Димензии:80x92x120мм На чашите ќе се печати лого и грб на Општина Кочани и слики од знаменистости , кои ќе се доставува во е-форма на носителот на набавката, текст по избор на нарачателот. | Набавка и печатење на порцелански сублематиск и чаши | до 100 бр. | 110 | 18% |
| | | | 101 бр. – 300 бр. | 100 | 18% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 95 | 18% |
| 47. | Печатење на книги | A5,8 стр, 1/1 боја , корица 4/4 | до 300 бр. | 10 | 5% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 9 | 5% |
| | | | 501 бр. – 1000 бр. | 8 | 5% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 48. | Печатење на книги | Б5,8 стр, 4/4 боја , корица 4/4 | до 300 бр. | 11 | 5% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 10 | 5% |
| | | | 501 бр. – 1000 бр. | 9 | 5% |
| 49. | Печатење на книги | Б5,8 стр, 1/1 боја , корица 4/4 | до 300 бр. | 10 | 5% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 9 | 5% |
| | | | 501 бр. – 1000 бр. | 8 | 5% |
| 50. | Печатење на книги | А4,8 стр, 4/4 боја , корица 4/4 | до 300 бр. | 12 | 5% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 10 | 5% |
| | | | 501 бр. – 1000 бр. | 8 | 5% |
| 51. | Печатење на книги | А4,8 стр, 1/1 боја , корица 4/4 | до 300 бр. | 10 | 5% |
| | | | 301 бр. – 500 бр. | 9 | 5% |
| | | | 501 бр. – 1000 бр. | 7 | 5% |
| 52. | Подготовка, изготвување и печатење на разгледници, честитки | во боја 4/1 пластифицирани 210x200см отворен формат | до 500 бр. | 20 | 18% |
| | | | 501 бр. – 1000 бр. | 15 | 18% |
| | | | 1001 бр. – 2000 бр. | 10 | 18% |
| 53. | Подготовка, изготвување и печатење на разгледници, честитки | во боја 4/0 штанцани 210x200см | до 500 бр. | 25 | 18% |
| | | | 501 бр. – 1000 бр. | 20 | 18% |
| | | | 1001 бр. – 2000 бр. | 15 | 18% |
| 54. | Изготвување и печатење на класични визит карти во боја *(стандардни димензии 9 x 5 см или по избор на нарачателот)* | во боја 4/1 на 250 гр. кунздрук, еднострани, со лого | до 100 бр. | 25 | 18% |
| | | | Од 101 до 200 бр. | 20 | 18% |
| | | во боја 4/4 на 250 гр. кунздрук, двострани | до 100 бр. | 30 | 18% |
| | | | Од 101 до 200 бр. | 25 | 18% |
| 55. | Печатење на класични визит-карти во боја (*стандардни димензии 9 x 5 см или по избор на нарачателот)*<br>Подготовката ја врши нарачателот | во боја 4/1 на 250 гр. кунздрук, еднострани, со лого | до 100 бр. | 10 | 18% |
| | | | Од 101 до 200 бр. | 8 | 18% |
| | | во боја 4/4 на 250 гр. кунздрук, двострани | до 100 бр. | 12 | 18% |
| | | | Од 101 до 200 бр. | 10 | 18% |
| 56. | Набавка и печатење на платнени торби во боја со кратки/долги рачки без постава, со вклучена цена за набавка на торбичките, | во боја 4/1 (боја по избор) | до 100 бр. | 200 | 18% |
| | | | од 101-500 бр. | 190 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | текст по избор на нарачателот.<br>- *ориентациони димензии 42x38x0,2 cm* | | од 501-1000 бр. | 180 | 18% |
| 57. | Укоричување на документи , со ставање на тврда подлога со горен пластифициран проsирен дел и со спирала | Со пластична спирала | До 50 листа | 25 | 18% |
| | | | До 100 листа | 20 | 18% |
| | | | Од 101 до 500 листа | 18 | 18% |
| | | Со метална спирала спирала | До 100 листа | 20 | 18% |
| 58. | Пластифицирање на документ А4 со ставење на самолеплива трака | Документот го обезбедува нарачателот | До 100 броја | 10 | 18% |
| | | | Од 101-300 броја | 7 | 18% |
| | | | Од 301-500 броја | 6 | 18% |
| 59. | Печатење на индигованиРешенија и друг вид на документи,<br>Образец А4 | во 1/0 боја | До 100 броја | 6 | 18% |
| | | | Од 101 до 200 броја | 5 | 18% |
| | | | Од 201 до 300 броја | 4 | 18% |
| 60. | Подготовка и печатење на етикети за шише<br>(Орентациони димензии 10cm X 10cm, со можни варијации до 20% од големината.) | 4/0 боја | од 50 до 100 броја | 10 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 8 | 18% |
| 61. | Подготовка и печатење на картонска амбалажа за пакување на ориз 1кг | 2/0 боја | Од 50 до 100 броја | 10 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 8 | 18% |
| | | | од 201 до 300 броја | 7 | 18% |
| | | 4/0 боја | Од 50 до 100 броја | 15 | 18% |
| | | | Од 101-200 броја | 10 | 18% |
| | | | Од 201-300 броја | 8 | 18% |
| 62. | Подготовка и печатење на картонска амбалажа за пакување на чоколада со ориз од 80 грама (Орентациони димензии 20cm X 10cm, дебелина на кутијата 2cm, со можни варијации до 20% од димензиите.) | 2/0 боја | Од 50 до 100 броја | 9 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 8 | 18% |
| | | | од 201 до 300 броја | 7 | 18% |
| | | 4/0 боја | Од 50 до 100 броја | 11 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 10 | 18% |
| | | | од 201 до 300 броја | 9 | 18% |
| 63. | Набавка и печатење на чадори со дрвена рачка (боја по избор на нарачателот), чадорот го набавува носителот на набавката. Дијаметар | 1/0 боја | Од 50 до 100 броја | 280 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 270 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | на чадорот од 90cm до 110cm | | од 201 до 300 броја | 260 | 18% |
| 64. | Набавка и печатење на термоси со двоен ѕид, од 300ml до 500ml (боја и модел по избор на нарачателот, по предложени 2 до 3 модели), термосот го набавува носителот на набавката. | 1/0 боја | Од 50 до 100 броја | 250 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 240 | 18% |
| | | | од 201 до 300 броја | 230 | 18% |
| 65. | Набавка и печатење на гумени магнети во боја (магнетот го набавува носителот на набавката) | 7cm x 10cm | Од 50 до 100 броја | 20 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 18 | 18% |
| | | | од 201 до 300 броја | 17 | 18% |
| | | 10cm x 15cm | Од 50 до 100 броја | 25 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 20 | 18% |
| | | | од 201 до 300 броја | 18 | 18% |
| 66. | Набавка и печатење на врвка за ИД картица – клучеви (врвката ја набавува носителот на набавката) | 1/0 боја | Од 50 до 100 броја | 65 | 18% |
| | | | од 101 до 200 броја | 60 | 18% |
| | | | од 201 до 300 броја | 58 | 18% |
| 67. | Печатење на ПВЦ фолија (фолијата ја печати и лепи носителот на набавката) | во боја | Цена за 1 метар квадратен | 600 | 18% |
| 68. | Печатење на ПВЦ фолија со мат ламинат (фолијата ја печати и лепи носителот на набавката) | во боја со ламинација | Цена за 1 метар квадратен | 700 | 18% |
| 69. | Набавка и печатење на информативни табли (ПВЦ фолија со мат ламинат лепена на 5mm поцинкуван лим). Цената да вклучува печатење, лепење на фолијата со ламинација и набавка на лим. лимот го набавува носителот на набавката | Во боја | Цена за 1 метар квадратен | 800 | 18% |
| 70. | Набавка и печатење на информативни табли (ПВЦ фолија со мат ламинат лепена на 5 mm плексиглас). Цената да вклучува печатење, лепење на фолијата и набавка на плексиглас. Плексигласот го набавува носителот на набавката. | Во боја | Цена за 1 метар квадратен | 1000 | 18% |
| 71. | Набавка и печатење на алуминиумски ролап банери. Подготовката ја врши нарачателот. Банерот го набавува носителот на набавката. | Во боја. Цени за: 80cm X 200cm | 1 број | 2800 | 18% |
| | | | од 2 до 5 броја | 200 | 18% |
| | | | од 6 до 10 броја | 200 | 18% |
| | | Во боја. Цени за: 100cm X 200cm | 1 број | 3200 | 18% |
| | | | Од 2 до 5 броја | 200 | 18% |
| | | | Од 6 до 10 броја | 200 | 18% |
| 72. | Набавка и печатење на алуминиумски Поп ап банер. | Во боја. Цени за: | 1 број | 30000 | 18% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Подготовката ја врши нарачателот. Банерот го набавува носителот на набавката. | 240cm X 300cm | Од 2 до 5 броја | 30000 | 18% |
| 73. | Набавка и печатење на алуминиумски Преносен банер дисплеј.<br>Подготовката ја врши нарачателот. Банерот го набавува носителот на набавката. | Во боја. Цени за: 240cm X 300cm | 1 број | 9000 | 18% |
| | | | Од 2 до 5 броја | 9000 | 18% |
| 74. | Печатење на 135 гр/м2 до 150гр/м2 на табак со димензии: 330mm X 480mm. кунздрук во колор | 4/4 боја | До 100 броја | 10 | 18% |
| | | | 101 до 200 броја | 8 | 18% |
| | | | 200 до 300 броја | 7 | 18% |
| | | | 500 до 1000 броја | 6 | 18% |
| 75. | Печатење на табак: 330mm X 480mm. кунздрук 200 гр/м2 во колор | 4/4 боја | До 100 броја | 15 | 18% |
| | | | 101 до 200 броја | 14 | 18% |
| | | | 200 до 300 броја | 13 | 18% |
| | | | 500 до 1000 броја | 12 | 18% |

***за Вршителот на услугата,***
***„ГЕНЕКС“ ДООЕЛ Кочани***
***Управител,***

***( Антонио Ангелов )***

***за Корисникот на услугата,***
***Општина Кочани***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за општи и правни работи –Венцо Бојков*
*Одобрил: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*